*Д-р КОСТА АЏИЕВСКИ*

# ПЕЛАГОНИЈА ВО VI И VII ВЕК

Во текот на VI и VII век на балканските простори се одигруваат судбоносни настани кои претставуваат пресвртница во историјата на Балканскиот Полуостров и на Византија, а свој одраз ќе имаат и пошироко, во историјата на целиот медитерански басен. На балканската историска сцена се појавуваат Словените, кои за кратко време ќе ја изменат етнографската и политичката карта на Балканот. Византија правела напори да ја неутрализира словенската опасност од север, но во тоа имала малку успех. Зафатена со долгите војни против Персија, таа не била во состојба поангажирано да се спротивстави на словенската инвазија и била принудена да ги препушти балканските области на неумоливата судбина. За релативно кратко време, пред налетите на словенските племиња Византија ќе ги загуби, речиси, сите свои владеења на Балканот. На својот долг пат од прататковината кон југ и кон запад словенските племиња во првата половина на VII век конечно ќе се запрат на рабовите на балканското копно, а Балканот ќе стане словенска земја.

Словенската инвазија на Балканот уште од самиот почеток ја зафатила и Македонија. Поради својата централна местоположба на Балканот Македонија претставувала неодминлива мета на словенските напади. Бројните словенски племиња, кои во бранови се спуштале по моравско-вардаската и струмската долина, продирале во Македонија и ги населувале македонските земји. Сами или заедно со Аварите, Словените се обиделе неколкупати да го освојат Солун, главниот град на Македонија, меѓутоа сите нивни обиди завршиле без успех. Како резултат на словенската инвазија, веќе од крајот на VI, а особено во првата половина на VII век, Македонија речиси целосно станува словенска земја. Во нејзината историја започнува нова епоха на која Словените ќе ѝ удрат неизбришлив печат.

Во натамошното изложување предмет на нашата научна преокупација ќе биде најголемата македонска котлина, Пелагонија. Врз основа на расположивите извори ќе се обидеме да ја презентираме нејзината историја во овие пресвртни

столетија. Се задржуваме на Пелагонија не само поради нејзините природни погодности, кои одамна го привлекле вниманието на човекот, туку уште повеќе поради нејзината мошне важна геостратешка положба во Македонија, а и на Балканот, воопшто. Ваквата нејзина положба произлегувала од близината на Солун, главната мета на словенските напади, и на Моравско-Вардарската магистрала, која имала огромно значење за навлегувањето на Словените во Македонија. Освен тоа, кога говориме за геостратешкото значење на Пелагонија во историјата на Македонија, мораме да го имаме предвид и стариот римски пат Виа Егнација, чија патека во еден свој дел минувала низ Пелагонија.

За историјата на Пелагонија во времето на словенската инвазија на Балканот и за нивното населување во рамнината, во современите извори немаме директни податоци. Византиските писатели кои известуваат за нападите и населувањето на Словените во Македонија не наведуваат ниеден податок кој директно би упатувал на историјата на рамнината во овој период. Меѓутоа, благодарение на податоците што ги дава археологијата, поточно, нумизматичкиот материјал најден на тлото на Пелагонија, во координација, се разбира, со известувањата на византиските писатели, можно е приближно да се реконструира историјата на Пелагонија во VI век и поконкретно да се определи времето на првите словенски навлегувања и времето на ликвидирањето на византиската власт во рамнината.

Пелагонија, по сè изгледа, заземала важно место во грандиозниот одбранбен систем што го подигнал царот Јустинијан I (527—565) за одбрана на балканските провинции на Византиското царство од нападите на варварите. Стратешкото значење на рамнината поради близината на Солун, а уште повеќе поради Виа Егнација, како и поради останатите комуникации кои ја пресекувале или поминувале во нејзината близина (Моравско-Вардарската магистрала) барало, без сомнение, преземање на определени мерки за нејзина заштита од варварските напади.

Како што е познато, Јустинијан во Македонија (Прва и Втора) подигнал или обновил 46 утврдувања, чија идентификација и локација, со мали исклучоци, е речиси целосно непозната.[1] Неодамна на тлото на Пелагонија е извршена идентификација на едно утврдвуање од одбранбениот систем на царот Јустинијан, кое е лоцирано во североисточниот дел на рамнината. Во прашање е утврдувањето Бабас, кое Ј. Ковачевиќ го идентификува со топонимот Баба, десетина километри североисточно од Прилеп, каде што и денес можат да се

[1] Procopii Caesariensis opera omnia, ed. J. Haury, corr. G. Wirt, Leipzig 1964, vol. IV: De aedificiis, IV, 4 p. 118, 36—119, 30; Византијски извори за историју народа Југославије, т. I (натаму: ВИНЈ I), Београд 1955, 59 сл.

видат остатоци од ѕидови и делови од утврдување. Утврдувањето било подигнато помеѓу 532 и 545 година и имало задача да ги контролира комуникациите кои ја поврзувале Пелагонија со Моравско-Вардарската магистрала, односно, да ги чува приодите кон рамнината преку превоите Присат и Плетвар.[2]

Бабас, секако не било единственото утврдување што го подигнатл Јустинијан во Пелагонија за да ја заштити од навлегувањата на Варварите. Такви утврдувања биле подигнати или, пак, старите биле обновени, најверојатно, и кај останатите превои: Барбарос, Ѓавато, Килит Дервен и Писодери, а исто така и во внатрешноста на Пелагонија. Според досегашните сознанија на тлото на Пелагонија се евидентирани околу педесетина доцноантички утврдувања.[3] Некои од овие утврдувања би можеле да се поврзат со владеењето на царот Јустинијан I, со неговиот одбранбен систем. За тоа, засега, немаме посигурни податоци, а евентуалното потврдување на нашата претпоставка останува во доменот на натамошните археолошки истражувања.

При сегашната состојба на археолошката наука, единствено можеби за утврдувањето кај селото Дебреште на северозападниот раб на Пелагонија, кај Барбарос, би можело со поголема веројатност да се претпостави дека влегувало во составот на одбранбениот систем на царот Јустинијан. Имено, сигурно е утврдено дека на споменатиот локалитет во VI век постоел голем каструм со ѕидови чија дебелина изнесувала од 1,60 до 3,20 метри и со девет кули, кои се потпирале на ѕидовите од надворешната страна.[4] Кај селото Дебреште уште во елинистичкиот период постоела населба со тврдина. Во рановизантискиот период тврдината била обновена и доградена, најверојатно, заради заштита од нападите на варварските племиња. Тврдината го чувала приодот кон Пелагонија преку Барбарос, кој ја поврзувал рамнината со долината на реката Треска.[5]

На одбранбениот систем што го изградил царот Јустинијан му припаѓала можеби и тврдината кај селото Стрежево

---

[2] Ј. Ковачевиќ, Báβas, Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп 1986, 119 сл.

[3] Cf. I. Mikulčić, Kasnoantička utvrđenja u SR Makedoniji — pokušaj klasifikacije, Odbramseni sistem u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije (Referati XII Kongresa arheologa Jugoslavije — Novi Sad 1984), Novi Sad 1986 117 (opština Kruševo i opština Prilep), 119 (opština Bitola).

[4] Cf. B. Basić, Gradište, Debrešte, Prilep — praistorijsko, helenističko i srednjovekovio naselje, ranovizantijski kastrum, srednjovekovna crkva sa nekropolom, Arheološki pregled 7, Beograd -965, 63.

[5] Ibid., 62; Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. I, Прилеп 1971, 51 (К. Кепески), 70 сл. (Б. Бабиќ). Во научната и стручната литература не можевме да најдеме податоци за нумизматички наоди на локалитетот кај селото Дебреште, особено не за VI век кој првенствено не интересира. Според усното соопштение на И. Микулчиќ, постои нумизматички материјал, меѓутоа, сеуште не е објавен.

на западниот раб на Пелагониската рамнина. Тврдината се наоѓа на мало плато на десниот брег на реката Шемница, на површина од околу 2,5 хектара. Археолошкиот материјал што е најден на овој локалитет се датира во VI—VII век, а во тврдината и во блиската населба се најдени Јустинијанови монети.[6] Тврдината имала доминантна положба на влезот на Шемница во Пелагонија. Таа ја контролирала комуникацијата која ги поврзувала Демир Хисар и Кичевската област со Пелагонија, односно, најкраткиот пат кој водел од Кичево и Северозападна Македонија кон Битола.

Во недостаток на пишани извори, мошне драгоцени податоци за историјата на Пелагонија кон средината и во втората половина на VI век дава нумизматичкиот материјал, кому во последно време, со право, му се дава сè поголемо внимание. Со систематски археолошки истражувања на одделни позначајни локалитети во Пелагонија добиен е релативно богат нумимзатички материјал, а не е мал бројот и на случајните, т.е. поединечните наоди. Од времето на Јустинијан I, кога доаѓа до интезивирање на словенските напади на Византиското царство, па сè до Маврикие, кога добар дел од јужните области на Балканот веќе е населен со Словени, во Пелагонија се евидентирани околу 250 монети.[7] Притоа, во далеку најголем број е застапен Јустинијан I со преку 130 монети, потоа доаѓа Јустинијан II со нешто преку 70, Тиберие I со 26 и Маврикие со 19 монети.

[6] Сп. Т. Јанакиевски, Кале, с. Стрежево — Битолско, извештај од заштитно археолошко истражување, Macedoniae acta archeologica, 6, Скопје 1980, 97—109. Јанакиевски е сигурен дека тврдината кај село Стрежево е еден од новоизградените кастели од времето на царот Јустинијан (н.д. 108). Се чини дека, сепак, треба да се биде повнимателен, бидејќи, презентираниот материјал, очигледно, не дава доволно аргументи за projавената сигурност. Имено, Јанакиевски претпоставува дека тврдината била уништена за време на навлегувањата на Варварите од север во втората половина на VI век, меѓутоа, веднаш потоа богатото депо на железни орудија и опрема го поврзува со Аварите, односно, со големата аварска опсада на Цариград во 626 година. Ваквиот заклучок внесува забуна, а нелогичноста е очигледна. Без сомнение, потребно е потемелно истражување на материјалот што е најден на овој локалитет, бидејќи, Јанакиевски, како што самиот признава, не ја консултирал сета неопходна научна и стручна литература, која, секако, би овозможила да се изврши попрецизна типолошка и хронолошка дефиниција на најдениот археолошки материјал. Во расветлувањето на историјата на доцноантичкото утврдување кај с. Стрежево би помогнало, без сомнение, и објавувањето на монетите на царот Јустинијан што се најдени на овој локалитет.

[7] Наведениот број подразбира објавен нумизматички материјал и во никој случај не е конечен, бидејќи, според усното соопштение на Е. Манева и И. Микулчиќ, кои работеле на археолошки проекти во Пелагонија, голем дел од материјалот, посебно од Хераклеја, сè уште не е објавен. Освен тоа, недостасуваат поконкретни податоци и од подрачјето на Прилепската општина (Дебреште и останатите локалитети) со исклучок, се разбира, на оставите од с. Селце и месноста Баба, додека за делот на Пелагонија кој влегува во составот на грчката држава не располагаме со податоци.

Од монетите на царот Јустинијан најмногу се најдени во познатата остава од селото Селце — 101, потоа во Стрежево се најдени 11 монети, во Хераклеја 7, во оставата Баба 2, а останатите монети се поединечни наоди од битолските села Беранци, Велушино, Граешница, Долно Ореово, Живојно и Лопатица.[8] Последните монети на царот Јустинијан најдени во Пелагонија се емитувани кон средината на VI век, помеѓу 547 и 551 година, а само две монети што се најдени во Хераклеја се датираат пошироко, помеѓу 527 и 562 година.[9]

Релативно големиот број монети на царот Јустинијан I, без сомнение, говори за развиена циркулација на пари во Пелагониската рамнина за време на неговото владеење. Тоа посебно се однесува на првиот период од неговото владеење, до средината на VI век, кога нападите на словенските племиња на балканските провинции на Византиското царство стануваат сè почести и поопасни.

Кон средината на VI век Словените започнуваат вистинска инвазија на царските провинции на Балканскиот Полуостров. Како што известува Прокопие Кесариски, Словените во 548 година продреле до Албанија, две години подоцна (550) ја нападнале Тракија, а во 550/551 и есента 551 година Словените повторно навлегуваат на Балканот и ги пљачкаат Илирик и Тракија.[10]

Во време на големата словенска инвазија помеѓу 548 и 551 година, по сè изгледа, дошло и до првите навлегувања на словенските одреди во Пелагонија. На ваквата претпоставка упатува оставата од с. Селце кај Прилеп, која завршува

[8] Сп. А. Керамитчиев, Едно депо на рановизантиски монети од село Селце, Прилепско, Зборник на Археолошкиот музеј, III (1959—1960), Скопје 1961, 60—63; Т. Јанакиевски, Наоди на византиски монети во градбите 5А и 5В од доцноантичката микростанбена целина врз римскиот театар во Heraclea Lincestis, Macedoniae acta archeologica 4 (1978), 190 сл.; истиот, Кале, с. Стрежево — Битолско, 98, 101; Д. Симовска, Монети најдени во Хераклеја Линкестидска за време на археолошките ископувања и конзерваторските работи во годините 1959—1961, Хераклеја II, Битола 1965, 79; К. Кепески, Рановизантиска остава на бронзени монети од местото Баба кај Прилеп, Macedoniae acta archeologica 3 (1977), 183; Г. Микулчиќ, Археолошки наоѓалишта во СР Македонија потврдени со монети од 6 век, Macedoniae acta archeologica 7—8 (1981—1982), Скопје 1987, 179 сл.

[9] Т. Јанакиевски, Народи на византиски монети, 190 сл.

[10] Procopii Caesariensis opera omnia, vol. II: De bellis, BG III. 29, p. 423, 3—7; III. 38, p. 467, 12—471, 2; III. 40, p. 475, 19—477, 10, 481, 7—483, 15; IV. 25, p. 623, 22—625, 15; ВИНЈ I 38, 41—50. Cf. P. Lemerle, Invasion et migrations dans les Balkans depui la fin de l'epoque romaine jusq'au VIIIe siecle, Revue Historique 211 (1954), 265—308; Ј. Ферлуга, Драч и његова област од VII до почетка XIII века, Глас САНУ 343, Одељење историјских наука, књ. 5, Београд 1986, 65—120; B. erjančić, Invasions et installation des Slaves dans les Balkais. Villes et peuplement dans l'Illyricum protobyzantin (Actes du colloque organise par l'Ecole feancaise de Rome, 12—14 1982), Rome 1984, 89—91; Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, Зборник радова Византолошког института, 19 (1980), 34—36.

со монетата на царот Јустинијан кована во монетарницата на Кизик во 551 година.[11] Главната причина, која го натерала сопственикот да ги засолни парите, била опасноста од словенските напади. Поконкретно, тезаурирањето би требало, без сомнение, да се поврзе со нападот на Словените во 550/551 или со оној од есента 551 година.

Новиот голем бран словенски и аваро-словенски напади на Византиското царство, кој започнал кон крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години, имал далекусежни последици за историјата на Пелагонија, бидејќи довел до ликвидирање на византиската власт во рамнината. Пишаните извори за тоа не даваат јасни податоци, меѓутоа, нумизматичкиот материјал е мошне конкретен кога е во прашање крајот на античкиот свет на тлото на Пелагонија. Тоа во прв ред се однесува на монетите од оставата Баба, како и на нумизматичкиот материјал што е најден во Хераклеја.

Оставата што е откриена во 1969 година во месноста Баба североисточно од Прилеп содржи 54 фолиси и полуфолиси (3 фолиси и 51 полуфолиси).[12] Меѓу полуфолисите се наоѓаат и два полуфолиса на царот Маврикие, кои потекнуваат од првите години на неговото владеење. Тие се исковани во солунската монетарница, и тоа едниот во 583/584, а другиот во 584/585 година[13] и претставува последен примерок во оставата. Врз основа на тоа оставата се датира во 585 или 586 година и се доведува во врска со нападите на Словените и Аварите на Византија кон средината на деветтата деценија на VI век.[14]

Нумизматичкиот материјал што е најден при ископувањето на Хераклеја кај Битола, сведочи исто така за крупни промени во Пелагонија кон средината на осумдесеттите години. Од седумдесетина монети, колку што се досега објавени од нумизматичкиот материјал најден во Хераклеја од периодот што нас нè интересира (Јустинијан — Маврикие), на царот Маврикие му припаѓаат 16 примероци. Сите тие по-

---

[11] А. Керамитчиев, Едно депо, 63.

[12] Зачуваниот дел од оставата, кој се наоѓа во нумизматичката збирка на Прилепскиот музеј,според К. Кепески содржи 51 рановизантиски фолиси и полуфолиси, односно, 3 фолиси и 48 полуфолиси (К. Кепески, Рановизантиска остава, 181—183). Меѓутоа, кога монетите се набројуваат според владетелите што се застапени во оставата се добива бројот од 54 фолиси и полуфолиси, односно, 3 фолиса и 51 полуфолиси (н.д. 183 — Јустинијан I 2 полуфолиса, Јустин II 6 полуфолиси, Јустин II и Софија 3 фолиси и 29 полуфолиси, Тиберие I 1 полуфолис, Тиберие I и Анастасија 11 полуфолиси и Маврикие 2 полуфолиса).

[13] К. Кепески, Рановизантиска остава, 189.

[14] К. Кепески, Рановизантиска остава, 191, ја датира оставата најдена во 585 година, додека V. Popović, Aux origines de la slavisation des Balkans: la constitution des premieres sclavinies macedoniennes vers la fin du VI[e] siecle, Compte rendus de l'Academie des Inscriptions et Belles-Lettres, Paris janvier-mars 1980, 242, го става тезаурирањето во 585 или 586 година.

текнуваат од солунската монетарница и се ковани иста година — 583/84.[15] Сепак, последна монета најдена во Хераклеја е еден редок полуфолис на царот Маврикие од 584/85 година, кој потекнува исто така од солунската монетарница.[16]

Циркулацијата на пари во Пелагонија по смртта на царот Јустинијан знатно опаѓа. Во времето на наследниците на Јустинијан во рамнината има во циркулација сè помалку пари. Така од царот Јустин II се евидентирани 71 монета,[17] а од Тиберие I 26 монети.[18] Сите овие монети потекнуваат од оставата Баба и од Хераклеја и нема наоди од останатите делови на Пелагонија, како што беше тоа случај со монетите на царот Јустинијан. Ваквата состојба упатува на претпоставката дека по големата провала на Словените кон средината на VI век, поради опасноста од нови напади, во Пелагонија дошло до поизразена концентрација на жителите околу поголемите и посигурни урбани целини, кои пружале поголеми шанси за заштита од нови напади.

Намалената циркулација на пари во Пелагонија во времето на Јустин II и Тиберие I, целосно замрела во првите години од владеењето на царот Маврикие. Застојот во циркулацијата на монети во Пелагонија (585—586 год.) во целост се вклопува во општата нумизматичка слика во Македонија во деветтата деценија на VI век. Имено, според резултатите до кои што дошол В. Поповиќ, кој потемелно од останатите го проучил нумизматичкиот материјал од Македонија и од останатите делови на Балканот, во Македонија во 585 година, или малку време потоа, дошло до целосен застој во циркулацијата на пари, додека во останатите делови на Илирик монетите од солунската монетарница, емитувани помеѓу август 558 и август 586 година, се мошне слабо распространети. Целосното отсуство на монети од 585/586 година во Македонија Поповиќ, со право, го поврзува со настаните околу Солун во осумдесеттите години за кои известуваат византиските извори.[19]

Користејќи ја зафатеноста на Византија во судирот со Аварите околу Сирмиум, Словените во 581 година го нападнале Византиското царство и четири години ги пустошеле не-

[15] Т. Јанакиевски, Наоди на византиски монети, 195 сл., 198.

[16] Cf. V. Popović, Aux origines, 243, n. 46.

[17] Во оставата Баба сочувани се 38 монети на Јустин II (Сп. К. Кепески, Рановизантиска остава, 183—188), во Хераклеја се најдени уште 32 монети (Сп. Д. Симовска, Монети најдени во Хераклеја Линкестидска, 79 сл.; Т. Јанакиевски, Наоди на византиски монети, 191—193, 197 сл.), а една монета на овој владетел е најдена во Бучин (Сп. Г. Микулчиќ, Археолошки наоѓалишта, 185).

[18] Во оставата Баба сочувани се 12 монети (К. Кепески, Рановизантиска остава, 183, 188 сл.), а во Хераклеја 14 монети на Тиберие I (Т. Јанакиевски, Наоди на византиски монети, 193—195, 198).

[19] V. Popović, Les temoins archeologiques des invasions dans l'Illyricum byzantin, Melanges de l'Ecole francaise de Rome, Antiquite, 87/1 (1975), 463; idem, Aux origines, 243 sq.

говите територии, главно, Македонија и Тракија. Тогаш за прв пат е нападнат и Солун во 854 година, по Константинопол најзначаен византиски град во Европа, управен центар на префектурата Илирик.[20] Нападот завршил без успех, но тоа не ги обесхрабрило Словените. Две години подоцна, во 586 година, на иницијатива на аварскиот каган Словените заедно со Аварите презеле нов напад на Солун. Добро организирана и опремена со разни опсадни справи огромна маса од преку 100 илјади Словени и Авари се појавила ненадејно пред градските sидови. Нападот започнал на 22 септември 586 година и цели седум дена Солун се наоѓал на работ на пропаста. Меѓутоа, иако бил добро подготвен и организиран, нападот не ги дал очекуваните резултати и не успеал да го скрши отпорот на бранителите.[21]

Иако завршил неуспешно, нападот на Словените и Аварите на Солун од 586 година имал далекусежни последици за историјата на балканските провинции на Византиското царство. Имено, по неуспешната опсада на Солун огромната маса Словени се распрснала по Македонија и по останатите византиски провинции во јужните делови на Балканскиот Полуостров, и пљачкајќи и освојувајќи градови и тврдини стигнала сè до Пелопонез. Притоа, во јужните делови на префестурата Илирик дошло до потрајно населување на Словените и до создавање на првите Склавини на тлото на Македонија, Грција и Превалитана.[22]

Словенско-аварскиот напад на Солун во 586 година, а посебно настаните кои следеле по неуспешната опсада, имале пресудно значење за историјата на Пелагониската рамнина. Со овие настани, без сомнение, треба да се поврзе ликви-

[20-21] P. Lemerle, Les plus anciens recueils des Miracles de saint Demetrius, I: Le texte, Paris 1979, 126, 13—128, 2; 134, 3—138, 5; 146, 3—157, 12; ВИНЈ I, 175—184. Сп. Ф. Баришић, Чуда Димитрија Солунског као историски извор, Београд 1953, 33—64; idem, Proces slovenske kolonizacije istočnog Balkana, Simpozium — Predslavenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena (Mostar 24—26. X. 1968), Sarajevo 1969, 19—22; P. Lemerle, Les plus anciens recueils des Miracles de saint Demetrius, II: Commentaire, Paris 1981, 46—81, кој говори само за словенско-аварскиот напад и го прифаќа неговото датирање во 586 година, наместо поранешното во 597 година; idem, Invaions et migrations, 290; B. Grafenauer, Nekaj vprašanj iz dobe naseljevanja južnih Slovenov, Zgodovinski časopis 4 (1950), 56 sq.; J. Ковачевиќ, Аварски Каганат, Београд 1977, 54 сл., кој претпоставува дека Аварите ги наговориле Словените да го нападнат Солун; Историја на македонскиот народ, т. I, Скопје 1969, 80 сл.; B. Ferjančić, Invasions et installation, 97; L. Waldmüller, Die ersten Begegnugen der Slawen mit dem Christentum und den christlichen Völkern vom VI. bis VIII. Jahrh., Die Slawen zwischen Byzanz und Abendland, Amsterdam 1976, 170—178; Љ. Максимовиќ, Северни Илирик, 46, 47 бел. 148, со најважната литература за нападот од 586 година и со различните гледишта по прашањето за неговата хронологија.

[22] Cf. V. Popović, La descente des Koutrigours, des Slaves et des Avares vers la Mer Egee: la temoignage de l'archeologie, Comptes rendus de l'archeologie, Comptes rendls de l'Academie Inscriptions et Belles-Lettres, Paris jlillet- octobre 1978, 630.

дирањето на византиската власт, односно, крајот на античката цивилизација на тлото на Пелагонија. Поради близината на Солун и поради Виа Егнација, која минувала низ Пелагонија, судбоносниот пресврт во историјата на рамнината се случил, најверојатно, уште есента 586 година. Тогаш е освоена Хераклеја, главното византиско упориште во Пелагонија, а исто така и останатите упоришта, меѓу кои и утврдувањето Бабас кај Прилеп. За сето тоа јасно сведочат нумизматичките наоди во Хераклеја и на локалитетот Баба кај Прилеп. Во Хераклеја, како што видовме, при сегашната состојба на нумизматиката, последна монета е полуфолисот на царот Маврикие од 584/85 година, а во оставата Баба последен примерок е исто така полуфолисот на Маврикие од истата година.

По ликвидирањето на византиската власт, во Пелагонија се населуваат Словените. Навистина, во изворите за тоа нема податоци, меѓутоа, што е уште позначајно, нема податоци ниту за некаков континуитет или за евентуално обновување на византиската власт во рамнината по 586 година. Целосниот застој во циркулацијата на монети во Пелагонија од средината на осумдесеттите години на VI век, подоцна не е надминат. Поединечните наоди на фолисот на царот Маврикие од селото Живојно, емитуван од монетарницата во Никомедија во 589/90 година и на монетата на царот Ираклие од 614/615 година, најдена во селото Витолиште, не противречат на горната констатација.[23]

Во втората половина на осумдесеттите години на VI век во Македонија се создаваат првите Склавини, како што ги нарекувале византиските писатели областите населени со Словени. Населувани се, пред сè, плодните рамничарски територии околу Солун и неговата пошироката околина. Пооддалечените и понепристапните области, во овој почетен период на словенското населување, останале надвор од рамките на словенската инвазија. Освен тоа, изгледа дека во јужниот дел на Илирик во овој период Словените сè уште не биле така бројни за да можат во целост да ги зафатат териториите на Македонија и на останатите делови на јужен Илирик. Имено, факт е дека големата контраофанзива на царот Маврикие, во времето од 592 до 602 година, била насочена кон областите северно од Дунав и Сава, што значи дека во овој период таму сè уште се наоѓало огромното мнозинство Словени.[24]

Последната етапа на трајното населување на Словените во Македонија започнала со големата инвазија во почетокот на VII век. По рушењето на византиската одбрана на Дунав, Словените го преплавиле Балканскиот Полуостров. Како што известуваат изворите „народот на Словените“ од 614—616 година ги пустошел Тесалија, соседните острови, Хелада, Аха-

[23] V. Popović, Aux origines, 243.

[24] Cf. B. Ferjančić, Invasions et installation, 108.

ја, Епир, голем дел од Илирик, дел од Азија и егејските острови. Притоа, под водството на Хацон словенските племиња го нападнале и Солун.[25] Две години подоцна, (618) Словените повторно го нападнале Солун, овојпат заедно со Аварите. Барајќи помош од Аварите словенските пратеници го известиле каганот дека надвор од нивната власт останал само уште Солун, кој бил опкружен со нивни населби и им пружал прибежиште на бегалците од Подунавјето, Панонија, Дакија, Дарданија, потоа од Ниш, Сердика и од останатите градови и тврдини. Борбите околу Солун траеле повеќе од еден месец (33 дена). Опсадата била прекината кога Аварите, откако добиле надоместок во пари и продукти, се повлекле кон своите територии преку Дунав.[26]

Со навлегувањето на словенските маси на Балканот во првите децении на VII век, во основа завршил процесот на населувањето на словенските племиња во Македонија. Словените го зафатиле најголемиот дел од македонските територии, а само еден помал дел останал во рацете на староседелците — романизирано население, кое во еден дел се повлекло пред дојденците во понепристапните области.

Пелагониската рамнина и околните предели, по сè изгледа, ги населило словенското племе Верзити (Берзити.) Името на ова племе, како што се претпоставува, е зачувано во денешниот назив Брсјаци за жителите кои ги населуваат териториите помеѓу Охрид, Велес, Битола и Кичево.[27] И покрај извесни тешкотии идентичноста на двете имиња да се објасни

[25-26] P. Lemerle, Les plus anciens recueils, I, 175, 3—179, 16; 185, 4—189, 24; ВИНЈ I 186—196. Сп. Ф. Баришиќ, Чуда Димитрија Солунског, 81—100, со коментар; Ј. Ковачевиќ, Аварски Каганат, 62; B. Grafenauer, Nekaj vpračanj, 80 sq., кој го става словенскиот напад на Солун во 615, а словенско-аварскиот во 617 година; P. Lemerle, Les plus aanciens recueils, II, 85—103; idem, Invasions et migrations, 295 sq.; B. Ferjančić, Invasions et installation, 106 sq.; Историја на макед. народ, I, 81 сл.; L. Waldmüller, Die ersten Begegnugen der Slawen, 255—261; V. Popović, Aux origines, 246 sq.; idem, Les temoins archeologiques, 490—494.

[27] Сп. М. Дринов, Поглед върху происхождането на българския народ и началото на българската история, Избрани съчинения, т. I, София 1971, 75; истиот, Заселение Балканского полуостроваа славянами, Избрани съчинения, т. I, 351 сл.; L. Niederle, Manuel de l'antiüuite slave, I, Paris 1923, В. Златарски, История 1970, 302 бел. 4; Ф. Баришић во ВИНЈ I, 189—190 бел. 7, со наведување на постарата литература и со разните претпоставки за потеклото на името на ова племе; М. Рајковиќ во ВИНЈ I, 233 бел. 58; P. Lemerle, Les plus anciens recueils, II, 233—234 n. 71, кој претпоставува дека во етимолошки поглед имињата на Сагудатите, Велегезитите и Верзитите припаѓаат на источната група, а дека името на Верзитите би можело да се доведе во врска со иранското име Березан, односно, со неговиот корен березант = висок; Историја на макед. народ, I, 79; Ј. Ковачевиќ, Báßas 120, кој претпоставува дека центарот на Верзитите се наоѓал во Прилеп; B. Grafenauer, Kronološka vprašanja seljtve Južnih Slovanov ob podatkih Miracula s. Demetrii, Zbornik Filozofske fasultete, II, Ljubljana 1955, 41, 43; Прилеп и Прилепско низ историјата, 76 (Т. Томоски), 87 (Б. Бабиќ); Б. Бабиќ, Материјалната култура на Македонските Словени во светлината на археолошките ис-

со гласовните закони,[28] идентификацијата на Верзитите со Брсјаците (Брзаците) се наметнува како мошне веројатна.

Берзитите за прв (и единствен) пат се спомнуваат во врска со настаните од 614—616 година, кога Словените го пустошат Илирик и егејските острови, а потоа по третпат го напаѓаат Солун. Како главни актери на овие настани анонимниот автор на „Чудата на Св. Димитрија Солунски" (натаму: Miracula II) наведува пет словенски племиња: Дрогувитите, Сагудатите, Велегезитите, Вајунитите и Верзитите (Βερζῆτων).[29] Активното учество на Верзитите во нападите на византиските територии наведува на претпоставката дека во овој период тие, најверојатно, веќе ја населувале Пелагонија и околните области. Натаму, во современите, а и во подоцнешните византиски извори Верзитите не се наведуваат. Не може да се утврди дали учествувале во големиот словенско-аварски напад на Солун во 618 година, а исто така и во настаните помеѓу 674 и 677 година кога македонските словенски племиња повторно се обидуваат да го освојат Солун. Паѓа во очи дека од петте племиња од 614—616 година, во настаните помеѓу 674—677 година не се наведуваат единствено само Верзитите и Вајунитите.[30] Нивното отсуство во настаните околу Солун кон средината на осмата деценија на VII век, заради недостаток на извори, не би можело адекватно да се објасни. Тоа би можело да се поврзе, можеби, со нивната релативна оддалеченост од Солун. Имено, познато е дека, за разлика од останатите словенски племиња кои биле населени во близина на Солун, Вајунитите и Верзитите ги населувале малку пооддалечените територии во внатрешноста на Балканскиот Полуостров.[31]

---

тражувања во Прилеп. Прилог за историјата на културата на македонскиот народ, Прилеп 1986, 10, 203, 214, 306; История Византии, т. I, Москва 1967, 350 сл. (Р. А. Наследова), која смета дека Верзитите ја населиле областа на Охрид; Историја на макед. народ, I, 79 (С. Антолјак); В. Поповиќ, Кубрат, Кувер и Аспарух, Старинар XXXVII, Београд 1986, 115, кој смета дека Верзитите (Брсјаците) се населиле во пределот на Охридското Езеро. Меѓутоа, малку порано истиот автор претпоставува дека териториите помеѓу Охрид, Битола и Прилеп ги населиле Вајунитите (Cf. V. Popović, Byzantins, Slaves et autochtones dans les provinces de Prevalitane et Nouvelle Epire, Villes et peuplement dans l'Illyricum protobyzantin — Actes du colloque organise par l'Ecole francaise de Rome, Rome 12—14 mai 1982 — Rome 1984, 242).

[28] Во поново време на вакви тешкотии укажува и Б. Конески, Берзити — Брсјаци, Прилози на МАНУ, XIV 1 — Одделение за лингвистика и литературна наука, Скопје 1989, 67. Интересна е, но недоволно убедлива претпоставката на Б. Конески дека името брсјаци треба да се поврзе со една гранка на поминокот — козарството. Тој смета дека името брсјаци е изведено од глаголската основа од брсти: брс(т) + јак, и не верува дека името брсјаци претставува континуитет на името на старото словенско племе Берзити. Според Б. Конески, името брсјак е подбивно име кое на своите соседи им го дале Мијаците, кои биле познати по овчарството. Сп. Б. Конески, н. д. 66.

[29] P. Lemerle, Les plus ancjens recueils, I, 175, 3—6; ВИНЈ I, 187.

[30] Cf. P. Lemerle, Les plus anciens recueils, I, 198—221; ВИНЈ I 198—206.

Во првата половина на осумдесеттите години на VII век од Панонија во Македонија доаѓа Куверовата етничка смеса, составена во најголем број од Сермезијанци (Ромеи),[32] потоа од Бугари и од припадници на други народи. Како што известува анонимниот автор на Miracula II, единствен извор за овој настан, водачот на етничката смеса Кувер, за кого се смета дека бил син на бугарскиот владетел Кувреат, се одметнал од аварскиот каган, го поминал со својот „народ" Дунав, и спуштајќи се кон југ на византиска територија го заоседнал Керамесиското поле.[33]

Доаѓањето на Кувер во Македонија е познат настан. За него многу се пишувало, честопати тенденциозно,[34] а ние ќе се задржиме на него за да се обидеме да ја утврдиме неговата вистинска поврзаност со историјата на Пелагонија, на што, речиси, се инсистира во историографијата.

Имено, доаѓањето на Кувер и на Сермезијанците во Македонија најголем дел од истражувачите го поврзуваат ис-

---

[31] За лоцирањето на словенските племиња во Македонија сп. опширни коментари на ф. Баришиќ во ВИНЈ I, 186—189 nn. 3—7, 200 n 33, 208 n. 46. Сп. исто така и P. Lemerle, Les plus anciens recueils, II, 89 sq., 112 sq.; Историја на макед. народ, I, 79.

[32] Сермезијанците биле потомци на ромејското население кое било заробено за време на аварско-словенските напади и опсадата на Солун во втората половина на втората деценија на VII век. Заробениците биле депортирани во Панонија во областа Сирмиум (Σερμετον), по кого го добиле и своето име. На оваа територија христијанското ромејско население се мешало со Аварите, со Бугарите и со другите народи, меѓутоа, ја зачувало својата вера и својот идентитет. По нешто повеќе од шеесет години од депортацијата, најголем дел од потомците на ромејските заробеници добил слобода, а аварскиот каган, земајќи ги како посебен народ, им го поставил како поглавар Кувер. Cf. P. Lemerle, Les plus anciens recueils, I, 227, 16—228, 19; II, 138—143; ВИНЈ I, 211—212.

[33] P. Lemerle, Les plus anciens recueils, I, 228, 28—30; ВИНЈ I, 213. Сп. Г. Острогорски, Византијско царство и околни свет у VII веку, Сабрана дела Георгија Острогорског, III, Београд 1970, 56 сл.; Ј. Ковачевиќ, Аварски Каганат, 52, 89 сл.; L. Waldmüller, Die ersten Begengugen der Slawen, 341 sq.

[34] Претставниците на бугарската историографија перманентно инсистираат на истакнување на бугарскиот етнички елемент во етничката мешавина на Кувер. Сметаат дека Кувер во Македонија ги донесол прабугарите, кои, како и Аспаруховите северно од Стара Планина, се измешале со Словените и ја измениле етнографијата на Македонија. Според бугарските историчари, Кувер создал (покрај Аспаруховата) втора бугарска држава на Балканот со центар во Македонија. Сп. Н. Милев, Кубрат отъ историята и Кубрет вь „Чудесата" на св. Димитрия Солунски, Периодическо Списание на Българското Книжовно Дружество въ София, XXII/1—2 (1910), 557—586; В. Златарски, История I/1, 205—209; История на България, т. II, София 1981, 107 сл.

Ваквите, очигледно, тенденциозни претпоставки немаат реална основа, бидејќи ,од изворите е сосема јасно дека огромното мнозинство од „народот" на Кувер го сочинувале Сермезијанците, односно, потомците на ромејските заробеници. Освен тоа, Македонските Словени, очигледно, не биле поданици на Кувер, бидејќи, на Друговитите, како што ќе видиме, византискиот цар им издал наредба да ги снабдуваат дојденците со продукти (Сп. стр. 12).

клучително со Пелагонија, односно, го лоцираат Керамесиското поле во Пелагонија. Ваквата локација прв ја предложил Тафел уште во првата половина на минатиот век,[35] а од него ја прифатиле останатите истражувачи, кои го поистоветуваат Керамесиското поле со Прилепското или со Битолското поле.[36] При одредувањето на локацијата на Керамесиско поле, Тафел и неговите истомисленици поаѓаат од античката населба Керамија, која во Табула Појтингеријана се наведува на патот помеѓу Стоби и Хераклеја, а во литературата најчесто се лоцира кај Прилеп.[37]

[35] G. L. F. Tafel, De Thessalonica eiusque agro dessertatio geographica, Beroljni 1839, XCVIII n. 76 (= Variorum Reprints, London 1972). Интересно е да се напомене дека Тафел подоцна го сменил првобитното мислење и го лоцирал Керамесиско поле помеѓу Битола и Охрид (Cf. G. L. F. Tafel, De via Romanorum militaris Egnatiae parte orientalis, Tübingen 1841, 39).

[36] Кај Битола Керамесиското поле го лоцираат: В. Златарски (История I/1, 174, 207); Ф. Баришиќ (ВИНЈ I, 213 бел. 58), со наведување на постарите убикации; В. Бешевлиев (Die Protobulgarischen Inschriften, Berlin 1963, 108); П. Мутафчиев (История на българския народ (681—1323), София 1986, 108), кој не се определува изрично за ниедно од двете полиња, туку го лоцира Керамесиското поле „во рамнината околу Прилеп и Битола". Од друга страна, предност на Прилепското поле му даваат: П. Лемерл (Invasions et mjgrations, 297; Les plus anciens recueils, II, 147); Л. Владмилер (Die ersten Begegnugen der Slawen, 342 n. 62, 407); В. Поповиќ (Aux origines, 152; Кубрат, Кувер и Аспарух, 114).

Лоцирајќи го Керамесиското поле помеѓу Хераклеја и Стоби, кај Прилеп, В. Поповиќ проникливо го поврзува доаѓањето на Кувер и на христијанскиот народ на Сермезијанците во Македонија со наводното обновување на епископијата во Стоби, чии епископи Јован и Маргарит се наоѓаат на списоците на учесниците на црковните собори од 680, односно, 692 година (V. Popović, Aux origines, 249—252; Кубрат, Кувер и Аспарух, 119, 123). Доаѓањето на Кувер и на христијанските Сермезијанци, без сомнение, придонело за јакнење на христијанските елементи во Македонија, попрецизно, во оние нејзини територии кои ги населиле дојденците од Подунавјето. Во таа смисла, теоретски, би можело да дојде до обнозување на епископијата во Стоби. Меѓутоа, тогаш Керамесиското поле би требало да се бара поблиску до Стоби, а не во Пелагонија, како што се предлага. Освен тоа, не е сосема јасно зошто би била обновена епископијата во Стоби, а не онаа во Хераклеја, како што, логично, би се очекувало со оглед на локацијата на Керамесиското поле во Пелагонија. Заради сето тоа, не сме сигурни дека во почетокот на осумдесеттите години на VII век, под влијание на христијанскиот народ на Сермезијанците на Керамесиското поле, навистина дошло до обновување на епископијата во Стоби. За тоа нема сигурни податоци. Споменатите Јован и Маркарит, како што укажа Г. Острогорски, најверојатно биле титуларни а не вистински епископи, бидејќи нема сигурни податоци дека нивните епископски седишта навистина постоеле (Г. Остроговски, Византијски градови у раном средњем веку, Сабрана дела, III, 78 бел. 50). Мислењето на Остроговски во најново време го прифаќа и О. Иванова. Распространение христианства у славян в Византии (VII — X вв.), Принятие христианства народоми Централъной и Юго-Восточной Европы и крещение Руси, Москва 1988, 12.

[37] Сп. Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 218—219 бел. 26, со наведување на постарите лоцирања, 223; Monumenta cartographica Jugoslaviae, I, Београд 1974, 55 (Г. Шкриваниќ); Латински извори за българската история, I, София 1958, 24, 397 (В. Тъпкова

Етимолошката поврзаност на имињата на двата топонима е очигледна и не би можела да се оспори. Всушност, таа е единствениот аргумент на приврзаниците на ваквата локација. Меѓутоа, во натамошното изложување на историјата на Кувер и на Сермезијанците по доаѓањето во Македонија од страна на анонимниот автор на Miracula II, а исто така и во еден старобугарски натпис од почетокот на VIII век, постојат извесни индиции кои не одат во прилог на убикацијата на Керамесиското поле во Пелагонија, туку упатуваат на неговата локација поблиску до Солун. Да видиме кои се тие индиции.

Кувер и Сермезијанците во Македонија се населиле во соседството на словенското племе Дрогувити, кое со царска наредба било задолжено да ги снабдува дојденците со неопходни продукти.[38] Ако се знае дека Дрогувитите ги населувале териториите западно и северозападно од Солун, односно, териториите помеѓу Солун, Воден и Бер,[38a] тогаш е јасно дека Керамесиското поле би требало да се бара на овие простори или пак во нивното непосредно соседство. За спомнатите територии не би можело да се рече дека се соседни на Пелагонија, особено не на Прилепското поле со кое во последно време најмногу се поистоветува нашиот топоним.

Собирајќи продукти од Дрогувитите Сермезијанците дознале дека Солун не е далеку, па многумина со фамилиите пребегнале во овој град.[39] Византијците презеле одредени мерки за да им помогнат на Сермезијанците кои сакале да избегаат од Кувер и да ги заштитат од Словените, секако Дрогувитите. За таа цел, како што известува Miracula II, византискиот стратег Сисиние со својата морнарица и со одреди составени од пребегнатите Сермезијанци, кои ги предводел Маур, се вкопал западно од Солун и таму останал повеќе денови.[39a]

— Заимова и В. Велков); Tabula Imperii Romani, Ljubljana 1976, 70 (И. Микулчиќ), со наведување на најважната литература; В. Поповиќ, Кувер, Куврат и Аспарух, 114; Б. Бабиќ, Материјалната култура, 15; Прилеп и Прилепско, I, 59, 63 (К. Кепески).

[38] P. Lemerle, Les plus anciens recusjls, I, 229, 9—12; ВИНЈ I, 213.

[38a] Сп. исцрпен коментар на Ф. Баришиќ во ВИНЈ I, 186—188 бел. 3, со наведување на најважните извори и литература. Сп. исто така и Ф. Баришиќ — Б. Ферјанчиќ, Вести Димитрија Хоматијана о „власти Другувита", Зборник радова Византолошког института, 20 (1981), 42 бел. 5, со наведување на релативно понова литература; P. Lemerle, Les plus anciens recueils, II, 89sq.; idem, Philippes et la Macedoine orientale a l'epoque chretienne et byzaantine, Paris 1945, 116 n. 2; Историја на макед. народ, I, 79.

[39] Lemerle, Les plus anciens recleils, I, 229, 12—16; ВИНЈ I, 213. Cf. Waldmüller, Die ersten Begegnugen der Slawen, 342sq.

[39a] Lemerle, Les plus anciens recueils, I, 233, 5—9; ВИНЈ I, 215.

Настаните што ги наведовме, се чини, исто така не одат во прилог на локацијата на Керамесиското поле во Пелагонија. Имено, и за сегашните поими на оддалеченоста тешко би можело од Пелагонија, особено од Прилеп, да се рече за Солун дека „не е далеку", ако се знае дека од Прилеп е оддалечен преку 200, а од Битола нешто помалку од 200 километри. Оттука, и на Сермезијанците би им биле потребни повеќе денови за бегство со жените и децата од Пелагонија во Солун, што би претставувало мошне опасен и ризичен потфат. Од друга страна, вкопувањето на Византијците и на Сермезијанците на Маур западно од Солун мошне јасно упатува на правецот каде што би требало да се бара Керамесиското поле. Ова е, всушност, единствен податок кој попрецизно ја одредува локацијата на Керамесиско поле — западно од Солун. Самото вкопување, пак, не би можело адекватно да се објасни кога би ја прифатиле локацијата на Керамесиското поле во оддалечената Пелагонија. Мерките што биле преземени од Византијците за прифаќање на Сермезијанците кои бегале од Керамесиското поле и за нивна заштита од Словените, очигледно, иницираат на негова локација поблиску до Солун отколку што е тоа Пелагонија, најверојатно, западно од овој град.

Покрај вестите на анонимниот автор на Miracula II, против убикацијата на Керамесиското поле во Пелагонија говори и еден старобугарски натпис. Се работи за првиот натпис од Мадара на бугарскиот владетел Тервел, кој е испишан по негова наредба помеѓу 705 и 707 година. Од натписот, меѓу другото, дознаваме дека Кувер, стрикото на Тервел, боравел, односно, ги населувал териториите ’ις φεσα(λο)νικιν,[40] т.е. околу (кај, покрај, во близина на) Солун. Овој податок, очигледно, упатува на локација на живеалиштето на Кувер (Керамесиското поле) поблиску до Солун.

Според податоците што ги наведовме се чини дека локацијата на Керамесиското поле во Пелагонија не е така сигурна како што обично се смета. Таа не се вклопува во општите настани за кои што известува Miracula II по доаѓањето на Кувер и Сермезијанците на Керамесиското поле. Имено, сите овие настани се поврзани со Солун и се одвивале околу Солун, а конкретните податоци од Miracula II на кои што укажавме, како Тервеловиот натпис од Мадара, директно иницираат на локацијата на Керамесиското поле поблиску до глав-

---

[40] V. Beševliev, Zur Deutung und datierung der protobulgarischen Inschrjften vor dem Reiterrelief von Madara, Bulgarien, Byzantinische Zeitschrift 47/1 (1954), 117, 6—7, 118sqq.; idem, Die protobulgarischen Inschriften, Nr. 1, Ic 10—11 p. 97, 99, 108sq. Cf. Lemerle, Les plus anciens recueils, II, 145; Поповиќ, Куврат, Кувер и Аспарух, 121.

ниот град на Македонија, попрецизно, западно или северозападно од него.[41]

*KOSTA ADŽIEVSKI*

## LA PÉLAGONIE AU COURS DU VI[e] ET DU VII[e] SIÈCLE


### Résumé

Sans doute, l'événement le plus important qui laissa l'empreinte ineffaçable dans l'histoire de la Pélagonie fut représenté par l'arrivée des Slaves dans la dite plaine. Depuis la moitié du VI[e] siècle, les vagues slaves commencent à baigner la Pélagonie, au commencament de la deuxième moitié des années 80, après le siège inéfficace slavo-avare de Salonique (586), les Slaves détruirent les fortifications antiques et annéantirent la civilisation antique de la plaine de Pélagonie. C'est surtout le matériel numismatique qui nous le fait supposer: la dernière pière, trouvée à Héraclea, est un sémi-folius de l'empereur Mauricius de 584/85 et celle trouvée à Baba près de Prilep est également un sémi-folius du même empereur, de même date.

Après l'annéantissement du pouvoir byzantin, les Slaves viennent à habiter en Pélagonie; il s'agit de la tribu slave des Versites (Bersites) et le nom de celle-là est conservé dans le nom Brsjaci qui désigne les habitants des territoires entre Ochride, Veles, Bitola et Kičevo.

Au contraire, la plaine de Kéramesis, où au cours de la première moitié des années 80 du VII[e] siècle vient de la Panonie le mélange ethnique de Kouver, ne se trouvait pas en Pélagonie comme on pense souvent. En base des données de l'auteur anonyme des Miracula II et d'une inscription vieux-bulgare du commencement du VIII[e] siècle, nous avon conclu que la location de celle-là doit être cherchée plus près de Salonique, le plus probablement à l'ouest de la dite ville.


---

[41] Сп. Ковачевиќ. Аварски Каганат, 52, кој смета дека Кувер се пробил „све до залеѓа Солуна", а малку подоцна го лоцира Керамесиско поле северозападно од Солун (н.д. 90). Во поново време со убикацијата на Керамесиско поле посебно се занимава Т. Томоски, Белешки за неколку малку познати места во средновековна Македонија, Историја, XVII/2 (1981), 75—80. Анализирајќи ги податоците од Miracula II, Томоски, со право, забележува дека локацијата на Керамесиско поле треба да се бара поблиску до Солун, западно од градот. Притоа, упатува на познатиот антички локалитет Пела и на неговото пошироко подрачје, кое во VII век би било познато под името Керамесиско поле (н.д. 78—80). Предложената локација во поширока смисла одговара на положбата што би требало да ја има Керамесиското поле, бидејќи, Пела не е далеку од Солун и се наоѓа западно од овој град. Меѓутоа, називот Керамесиско поле за подрачјето на Пела, мораме да признаеме, нема поконкретна потврда во современите, а исто така и во подоцнежните познати извори.